Господи, со Твојата сила ќе се весели царот и за спасението од Тебе безмерно ќе се радува. Ти му даде, она што срцето негово посака, и молбата на устата негова не ја отфрли, зашто Ти го пресретна со добри благослови, му возложи на главата венец со скапоцени камења. Тој побара од Тебе живот, а Ти му даде долголетие во веки веков. Голема е славата негова поради спасението од Тебе; Ти го покри со чест и величие. Ќе положиш на него вечен благослов, развеселувајќи го со радоста на лицето Твое, зашто царот се надева на Господа и во милоста на Севишниот не се сомнева. Раката Твоја ќе ги најде сите Твои непријатели, десницата Твоја ќе ги најде сите што Те мразат. Кога ќе се разгневиш, ќе ги направиш како огнена печка; гневот Господов ќе ги погуби, и оган ќе ги проголта. Ти ќе го уништиш плодот нивни на земјата, и семето нивно - меѓу

Гдⷭ҇ь гнѣ́вомъ свои́мъ смѧте́тъ ѧ҆̀, и҆ снѣ́стъ и҆̀хъ ѻ҆́гнь. Пло́дъ и҆́хъ ѿ земли̑ погꙋби́ши, и҆ сѣ́мѧ и҆́хъ ѿ сынѡ́въ человѣ́ческихъ. Ꙗ҆́кѡ оу҆клони́ша на тѧ̀ ѕла̑ѧ, помы́слиша совѣ́ты, и҆̀хже не возмо́гꙋтъ соста́вити. Ꙗ҆́кѡ положи́ши ѧ҆̀ хребе́тъ: во и҆збы́тцѣхъ твои́хъ оу҆гото́виши лицѐ и҆́хъ. Вознеси́сѧ, Гдⷭ҇и, си́лою твое́ю, воспое́мъ и҆ пое́мъ си̑лы твоѧ̑.

Сла́ва, и҆ ны́нѣ: Трисвѧто́е. Пресвѧта́ѧ Трⷪ҇це: Ѻ҆́ч҃е на́шъ: Ꙗ҆́кѡ Твое̑ є҆́сть ца́рство:

И҆ тропари̑ сі̑ѧ:

Спаси̑, Гдⷭ҇и, лю́ди Твоѧ̑, и҆ благослови̑ достоѧ́нїе Твое̑, побѣ̑ды правосла́вномꙋ ро́дꙋ на́шемꙋ на сопроти̑вныѧ да́рꙋѧ, и҆ Твое̑ сохранѧ́ѧ крестѡ́мъ Твои́мъ жи́тельство.

Сла́ва:

Вознесы́йсѧ на кре́стъ во́лею, тезоимени́томꙋ Твоемꙋ̀ но́вомꙋ жи́тельствꙋ щедрѡ́ты Твоѧ̑ да́рꙋй, Хрⷭ҇тѐ Бж҃е: возвесели̑ си́лою Твое́ю благовѣ́рный и҆ хрїстолю́бивый ро́дъ на́шъ правосла́вный побѣ̑ды даѧ̀ є҆мꙋ̀ на сꙋпоста́ты, посо́бїе и҆мꙋ́щꙋ Твое̑ ѻ҆рꙋ́жїе ми́ра, непобѣди́мꙋю побѣ́дꙋ.

И҆ ны́нѣ:

Предста́тельство стра́шное и҆ непосты́дное, не пре́зри, бл҃га́ѧ, моли́твъ на́шихъ, всепѣ̑таѧ

човечките синови, зашто смислија против Тебе зло, се договорија, но не можеа ништо да направат. Ти ќе ги поставиш како цел, а од твоите лакови ќе пуштиш.стрели во лицето нивно. Издигни се, Господи, со Твојата сила: ние ќе ја воспеваме и ќе ја прославуваме Твојата моќ.

Слава, и сега: Трисвето. Пресвета Троице... По Оче наш... Зашто Твое е царството...

И овие тропари:

Спаси ги, Господи, Твоите луѓе и благослови го Твоето наследство. Победи на сите православни христијани наши, над противниците дарувај им, пазејќи го со крстот Твој, Твоето жителство.

Слава...

Христе Боже, кој доброволно си се издигнал на крстот, подари ги Твоите добрини на Твојот нов народ. Со Твојата сила, зарадувај го благоверниот и христољубив православен народ наш, давајќи му победа над противниците, да го има Твоето оружје на мирот, како непобедлива победа.

И сега...

Севоспеана Богородице, како страшна и сигурна застапница, не презирај ги, Благодатна,

Бцⷣе: оу҆тверди̂ правосла́вныхъ жи́тельство, спа-си̂ благовѣ́рный и҆ хрїстолю́бивый правосла́вный ро́дъ на́шъ є҆мꙋ́же повелѣ́ла є҆сѝ владѣ́ти и҆ пода́ждь є҆мꙋ̀ съ небесѐ побѣ́дꙋ, занѐ родила̀ є҆сѝ Бга, є҆ди́на благослове́нна.

Їере́й:

Поми́лꙋй на́съ, Бже, по ве́лицѣй ми́лости Твое́й, мо́лимтисѧ, оу҆слы́ши и҆ поми́лꙋй.

Ли́къ: Гдⷭ҇и, поми́лꙋй, три́жды.

Возгла́съ:

Ꙗ҆́кѡ ми́лостивъ и҆ человѣколю́бецъ Бгъ є҆сѝ, и҆ Тебѣ̀ сла́вꙋ возсыла́емъ, Ѻ҆цꙋ̀, и҆ Снꙋ, и҆ свѧто́мꙋ Дхꙋ, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

Чте́цъ:

И҆́менемъ Гдⷭ҇нимъ благослови̂, ѿче.

Їере́й:

Сла́ва свѧтѣ́й, и҆ є҆диносꙋ́щнѣй, и҆ живо-творѧ́щей, и҆ нераздѣ́льнѣй Трⷪ҇цѣ, всегда̀, ны́-нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

нашите молитви, утврди го православното жителство, спаси го нашиот православен народ, кому си заповедала да владее и подај му победа, бидејќи си Го родила Бога, единствена благословена.

Свештеникот:

Помилуј нѐ, Боже... (скратена Удвоена (сугуба) ектенија)

Хорот: Господи, помилуј. (трипати)

Возглас:

Зашто Си милостив и човекољубив Бог и Тебе слава Ти вознесуваме, на Оца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Хорот: Амин.

Псалтот:

Во името на Господа, Благослови оче!

Свештеникот:

Слава на Светата и единосушна, животворна и неразделна Троица, постојано, сега, и секогаш, и во вечни векови.

Хорот: Амин.

И҆ начина́емъ шестоѱа́лміе, со всѧ́кимъ молча́ніемъ и҆ оумиле́ніемъ слꙋ́шающе.

Оучине́нный же бра́тъ со благоговѣ́ніемъ и҆ стра́хомъ бж҃іимъ глаго́летъ:

Сла́ва въ вы́шнихъ Бг҃ꙋ, и҆ на землѝ ми́ръ, въ человѣ́цѣхъ благоволе́ніе. Три́жды.

Гдⷭ҇и, оустнѣ̑ мои҆̀ ѿве́рзеши, и҆ оуста̀ моѧ̑ возвѣстѧ́тъ хвалꙋ̀ Твою̀. Два́жды.

Ѱало́мъ г҃.

Гдⷭ҇и, что̀ сѧ оумно́жиша стꙋжа́ющїи мѝ; мно́зи востаю́тъ на мѧ̀: Мно́зи глаго́лютъ дꙋшѝ мое́й, нѣ́сть спасе́нїѧ є҆мꙋ̀ въ Бз҃ѣ є҆гѡ̀. Ты́ же, Гдⷭ҇и, застꙋ́пникъ мо́й є҆сѝ, сла́ва моѧ̀, и҆ возносѧ́й главꙋ̀ мою̀. Гла́сомъ мои́мъ ко Гдⷭ҇ꙋ воззва́хъ, и҆ оуслы́ша мѧ̀ ѿ горы̀ свѧты́ѧ своеѧ̀. А҆́зъ оуснꙋ́хъ, и҆ спа́хъ: воста́хъ, ꙗ҆́кѡ Гдⷭ҇ь застꙋ́питъ мѧ̀. Не оубою́сѧ ѿ тем̀ лю-де́й, ѡ҆́крестъ нападаю́щихъ на мѧ̀. Воскресни̂, Гдⷭ҇и, спаси́ мѧ, Бж҃е мо́й, ꙗ҆́кѡ ты̀ порази́лъ є҆сѝ всѧ̑ враждꙋ́ющыѧ мѝ всꙋ́е: зꙋ́бы грѣ́шникѡвъ сокрꙋши́лъ є҆сѝ. Гдⷭ҇не є҆́сть спасе́нїе, и҆ на лю́дехъ твои́хъ благослове́нїе твоѐ.

А҆́зъ оуснꙋ́хъ и҆ спа́хъ: воста́хъ, ꙗ҆́кѡ Гдⷭ҇ь застꙋ́питъ мѧ̀.

Ѱало́мъ л҃з.

Гдⷭ҇и, да не ꙗ҆́ростїю твое́ю ѡ҆бличи́ши менѐ,

И го започнуваме Шестопсалмието, во тишина и умилно слушање.

Псалтот со благоговение и со страв Божји, говори:

Слава на Бога во височините, и на земјата мир, меѓу луѓето добра волја. (трипати)

Господи, отвори ми ги усните и мојата уста ќе Те фали. (двапати)

Псалм 3

Господи, колку многу се намножија непријателите мои! Мнозина се креваат против мене; мнозина велат за душата моја: нема спас за него во Бога. Но Ти, Господи, си застапник мој, слава моја; Ти ја подигаш главата моја. Со гласот свој викам кон Господа и Он ме слуша од Својата света Гора. Легнувам, спијам и станувам, оти Господ ме чува. Не се плашам од многу илјади луѓе, што од сите страни навалиле на мене. Стани, Господи! Спаси ме, Боже мој! Зашто Ти ги поразуваш сите мои непријатели и им ги здробуваш забите на грешниците. Од Господа е спасението. Твојот благослов нека биде на народот Твој.

Псалм 37

Господи, во јароста Своја не карај ме и во

нижѐ гнѣвомъ твои́мъ нака́жеши менѐ. Ꙗ҆́кѡ стрѣлы твоѧ̑ оу҆нзо́ша во мнѣ, и҆ оу҆тверди́лъ є҆сѝ на мнѣ рꙋ́кꙋ твою̀. Нѣ́сть и҆сцѣле́нїѧ въ пло́ти мое́й ѿ лица̀ гнѣва твоегѡ̀: нѣ́сть ми́ра въ косте́хъ мои́хъ, ѿ лица̀ грѣхъ мои́хъ. Ꙗ҆́кѡ беззако́нїѧ моѧ̑ превзыдо́ша главꙋ̀ мою̀, ꙗ҆́кѡ бре́мѧ тѧ́жкое ѿтѧготѣ́ша на мнѣ. Возсмерде́ша, и҆ согни́ша ра́ны моѧ̑, ѿ лица̀ безꙋ́мїѧ моегѡ̀. Пострада́хъ и҆ слѧко́хсѧ до конца̀, ве́сь де́нь сѣтꙋѧ хожда́хъ. Ꙗ҆́кѡ лѧ̑двїѧ моѧ̑ напо́лнишасѧ порꙋга́нїй, и҆ нѣ́сть и҆сцѣле́нїѧ въ пло́ти мое́й. Ѡ҆зло́бленъ бы́хъ, и҆ смири́хсѧ до ѕѣла̀, рыка́хъ ѿ воздыха́нїѧ се́рдца моегѡ̀. Гдⷭ҇и, предъ тобо́ю всѐ жела́нїе моѐ, и҆ воздыха́нїе моѐ ѿ тебѐ не оу҆таи́сѧ. Се́рдце моѐ смѧте́сѧ, ѡ҆ста́ви мѧ̀ си́ла моѧ̑ и҆ свѣ́тъ ѻ҆чїю̑ моє́ю, и҆ то́й нѣ́сть со мно́ю. Дрꙋ́зи мои́, и҆ и҆́скреннїи мои́ прѧ́мѡ мнѣ приближи́шасѧ и҆ ста́ша: И҆ бли́жнїи мои́ ѿдале́че менѐ ста́ша, и҆ нꙋжда́хꙋсѧ и҆щꙋ́щїи дꙋшꙋ̀ мою̀: и҆ и҆щꙋ́щїи ѕла̑ѧ мнѣ, глаго́лахꙋ сꙋ́етнаѧ, и҆ льсти̑вымъ ве́сь де́нь поꙋча́хꙋсѧ. А҆́зъ же ꙗ҆́кѡ глꙋ́хъ не слы́шахъ, и҆ ꙗ҆́кѡ нѣ́мъ не ѿверза́ѧй оу҆́стъ свои́хъ. И҆ бы́хъ ꙗ҆́кѡ человѣ́къ не слы́шай, и҆ не и҆мы́й во оу҆стѣ́хъ свои́хъ ѡ҆бличе́нїѧ. Ꙗ҆́кѡ на тѧ̀, Гдⷭ҇и, оу҆пова́хъ, ты̀ оу҆слы́шиши, Гдⷭ҇и Бж҃е мо́й. Ꙗ҆́кѡ рѣ́хъ: да не когда̀ порадꙋ́ют-

гневот Свој не казнувај ме, зашто стрелите Твои се забија во мене, и Твојата рака тежи врз мене. За телото мое нема лек од Твојот гнев; во коските мои нема мир од гревовите мои; зашто беззаконијата ја надвишија главата моја, како тешко бреме ме притиснаа. Смрдат и гнијат раните мои поради безумието мое. Настрадав и сè стопив сосема, цел ден натажен одам; бидејќи одвнатре горам од оган, нема лек за телото мое. Озлобен сум и прекумерно понизен; рикав поради воздишките на срцето мое. Господи, пред Тебе се сите мои желби, и мојата воздишка не е сокриена од Тебе. Срцето ми се возбуди, и ме напушти силата моја, и светлината на очите мои - и неа ја нема во мене. Моите пријатели и моите ближни се приближија и не се доближија; застанаа подалеку од мене, а оние што ја бараа душата моја, зборуваа лошо и без основа и секој ден кроеја сплетки; а јас, пак, како глув не слушав и сум како нем, кој не ја отвора устата своја; станав како човек, што не слуша и што во устата своја нема прекор, зашто на Тебе, Господи, се надевав; Ти ќе ме услишиш, Господи, Боже мој. Оти си реков: да не се погордеат

мисѧ вразѝ мои̂: и҆ внегда̀ подвижа́тисѧ но-
га́мъ мои̂мъ, на мѧ̀ велерѣ́чеваша. Ꙗ҆́кѡ а҆́зъ
на ра́ны гото́въ, и҆ болѣ́знь моѧ̀ предо мно́ю
є҆́сть вы́нꙋ. Ꙗ҆́кѡ беззако́нїе моѐ а҆́зъ возвѣщꙋ̀,
и҆ попекꙋ́сѧ ѡ҆ грѣсѣ̀ мое́мъ. Вразѝ же мои̂
живꙋ́тъ, и҆ оу҆крѣпи́шасѧ па́че менѐ, и҆ оу҆мно́-
жишасѧ ненави́дѧщїи мѧ̀ безъ пра́вды. Воз-
даю́щїи мѝ зла̑ возбла́гаѧ, ѡ҆болга́хꙋ мѧ̀,
занѐ гонѧ́хъ благосты́ню. Не ѡ҆ста́ви менѐ, Гдⷭ҇и
Бж҃е мо́й, не ѿстꙋпѝ ѿ менѐ. Вонмѝ въ по́-
мощь мою̀, Гдⷭ҇и спасе́нїѧ моегѡ̀.

Не ѡ҆ста́ви менѐ, Гдⷭ҇и Бж҃е мо́й; не ѿстꙋпѝ
ѿ менѐ.

Вонмѝ въ по́мощь мою̀, Гдⷭ҇и спасе́нїѧ моегѡ̀.

Ѱало́мъ ѯ҃в.

Бж҃е, Бж҃е мо́й, къ тебѣ̀ оу҆́треннюю, воз-
жада̀ тебѐ дꙋша̀ моѧ̀, ко́ль мно́жицею тебѣ̀
пло́ть моѧ̀, въ землѝ пꙋ́стѣ и҆ непрохо́днѣ
и҆ безво́днѣ. Та́кѡ во свѧтѣ́мъ ꙗ҆ви́хсѧ тебѣ̀,
ви́дѣти си́лꙋ твою̀ и҆ сла́вꙋ твою̀. Ꙗ҆́кѡ лꙋ́чши
ми́лость твоѧ̀ па́че живѡ́тъ, оу҆стнѣ̀ мои̂ по-
хвали́тѣ тѧ̀. Та́кѡ благословлю̀ тѧ̀ въ жи-
вотѣ̀ мое́мъ, ѡ҆ и҆́мени твое́мъ воздѣжꙋ̀ рꙋ́цѣ
мои̂. Ꙗ҆́кѡ ѿ тꙋ́ка и҆ ма́сти да и҆спо́лнитсѧ
дꙋша̀ моѧ̀, и҆ оу҆стна́ма ра́дости восхва́лѧтъ
тѧ̀ оу҆ста̀ моѧ̀. А҆́ще помина́хъ тѧ̀ на посте́ли

над мене моите непријатели; и кога ми се поколебаа нозете мои, тие изговорија лоши зборови над мене. Готов сум да паднам, и јадот мој секогаш е пред мене, Беззаконието свое го признавам и ќе се смирувам поради гревот мој. А непријателите мои живеат и сè посилни стануваат од мене, и се намножија оние што неправедно ме мразат, па враќајќи ми зло за добро, бидејќи бев за правда, тие ме отфрлија како мртовец.

Не оставај ме, Господи, Боже мој, не отстапувај од мене.

Побрзај да ми помогнеш, Господи, Спасителу мој!

Псалм 62

Боже, Боже мој, кон Тебе поранувам; за Тебе заждедне душата моја. Колку пати за Тебе копнее телото мое на земјава пуста, неплодна и безводна? И така се појавив во Светилиштето Твое, за да ја видам Твојата сила, и Твојата слава. Зашто милоста Твоја е подобра од животот, устата моја ќе Те фали. Така ќе Те благословувам во животот мој, и во Твое име ќе ги кревам рацете мои. Како со маст и елеј се наситува душата моја, и со радосен глас ќе Те фали устата моја. Кога ќе се сетам за Тебе во постелата моја во

моéй, на ᲂу҆́треннихъ поучáхсѧ въ тѧ̀: ꙗ҆́кѡ бы́лъ є҆сѝ помо́щникъ мо́й, и҆ въ кро́вѣ крилꙋ̀ твоéю возрáдꙋюсѧ. Прильпѐ дꙋшà моѧ̀ по тебѣ̀, менѐ же прїѧ́тъ десни́ца твоѧ̀. Ті́и же всꙋ́е и҆скáша дꙋ́шꙋ мою̀, вни́дꙋтъ въ преиспѡ́днѧѧ земли̑. Предадѧ́тсѧ въ рꙋ́ки ѻ҆рꙋ́жїѧ, чáсти лисовѡмъ бꙋ́дꙋтъ. Цáрь же возвесели́тсѧ ѡ҆ Бз҃ѣ: похвали́тсѧ всѧ́къ клены́йсѧ и҆́мъ, ꙗ҆́кѡ загради́шасѧ ᲂу҆стà глаго́лющихъ непрáведнаѧ.

На ᲂу҆́треннихъ поучáхсѧ въ тѧ̀, ꙗ҆́кѡ бы́лъ є҆сѝ помо́щникъ мо́й, и҆ въ кро́вѣ крилꙋ̀ твоéю возрáдꙋюсѧ.

Прильпѐ дꙋшà моѧ̀ по тебѣ̀, менѐ же прїѧ́тъ десни́ца твоѧ̀.

Слáва, и҆ ны́нѣ:

Ꙋ҆ллилꙋ́їа, ꙋ҆ллилꙋ́їа, ꙋ҆ллилꙋ́їа, слáва Тебѣ̀, Бж҃е. Три́жды, безъ покло́нѡвъ.

Гд҇и, поми́лꙋй, три́жды.

Слáва, и҆ ны́нѣ:

Їере́й же глаго́летъ тáйнѡ моли̑твы ᲂу҆́треннїѧ, стоѧ̀ непокровéнъ прéдъ свѧты́ми двéрьми.

Ѱало́мъ п҃з.

Гд҇и Бж҃е спасе́нїѧ моегѡ̀, во дни̑ воззвáхъ, и҆ въ нощи̑ прéдъ тобо́ю. Да вни́детъ прéдъ

утринските часови за Тебе размислувам, зашто Ти си ми помошник и во сенката на твојата закрила ќе воскликнувам. Кон Тебе се приближи душата моја, Твојата десница ме поддржува. А оние кои залудно го побараа мојот живот, ќе слезат во пеколот! Ќе бидат поразени со силата на мечот; ќе станат плен за лисиците. А царот ќе се зарадува во Бога, и секој ќе се фали, кој во Него се колне, бидејќи ќе им се затне устата на оние што говорат неправда.

Размислувам за Тебе за време на ноќните стражи, зашто Ти си моја помош, и под сенката на Твојата закрила ќе се зарадувам.

Кон Тебе се приврза мојата душа, Твојата десница ме поддржа.

Слава, и сега:

Алилуја, алилуја, алилуја, слава Ти, Боже. (трипати, без меатнија).

Господи, помилуј. (трипати)

Слава, и сега:

Свештеникот пак, тивко ги изговара утринските молитви, стоејќи пред светите двери.

Псалм 87

Господи, Боже на моето спасение, дење Те призивам и ноќе сум пред Тебе: за да дојде пред

тѧ̀ моли́тва моѧ̀, приклонѝ оу́хо твоѐ къ мо-
ле́нію моемꙋ̀. Ꙗ҆́кѡ и҆спо́лнисѧ ѕѡ́лъ дꙋша̀ моѧ̀,
и҆ живо́тъ мо́й а҆́дꙋ приближи́сѧ. Привмѣне́нъ
бы́хъ съ низходѧ́щими въ ро́въ, бы́хъ ꙗ҆́кѡ
человѣ́къ без̾ по́мощи. Въ ме́ртвыхъ свобо́дь:
Ꙗ҆́кѡ ꙗ҆́звеннїи спѧ́щїи во гро́бѣ, и҆̀хже не по-
мѧнꙋ́лъ є҆сѝ ктомꙋ̀, и҆ тїи ѿ рꙋкѝ твоеѧ̀ ѿри-
нове́ни бы́ша. Положи́ша мѧ̀ въ ро́вѣ пре-
и҆спо́днѣмъ, въ те́мныхъ и҆ сѣ́ни сме́ртнѣй.
На мнѣ̀ оу҆тверди́сѧ ꙗ҆́рость твоѧ̀, и҆ всѧ̑
во́лны твоѧ̑ наве́лъ є҆сѝ на мѧ̀. Оу҆да́лилъ є҆сѝ
зна́емыхъ мои́хъ ѿ менѐ, положи́ша мѧ̀ ме́р-
зость себѣ̀, пре́данъ бы́хъ, и҆ не и҆схожда́хъ.
О҆́чи мои̑ и҆знемого́стѣ ѿ нищеты̀, воззва́хъ
къ тебѣ̀, Гдⷭ҇и, ве́сь де́нь, воздѣ́хъ къ тебѣ̀
рꙋ́цѣ мои̑. Є҆да̀ ме́ртвыми твори́ши чꙋдеса̀;
и҆лѝ вра́чеве воскресѧ́тъ, и҆ и҆сповѣ́дѧтсѧ тебѣ̀;
Є҆да̀ повѣ́сть ктѡ̀ во гро́бѣ ми́лость твою̀,
и҆ и҆́стинꙋ твою̀ въ поги́бели; Є҆да̀ позна̑на
бꙋ́дꙋтъ во тьмѣ̀ чꙋдеса̀ твоѧ̑, и҆ пра́вда твоѧ̀
въ земли̑ забве́ннѣй; И҆ а҆́зъ къ тебѣ̀, Гдⷭ҇и,
воззва́хъ, и҆ оу҆́трѡ моли́тва моѧ̀ предвари́тъ
тѧ̀. Вскꙋ́ю, Гдⷭ҇и, ѿре́еши дꙋ́шꙋ мою̀, ѿвра-
ща́еши лицѐ твоѐ ѿ менѐ; Ни́щь є҆́смь а҆́зъ,
и҆ въ трꙋдѣ́хъ ѿ ю҆́ности моеѧ̀, вознесе́жесѧ,
смири́хсѧ, и҆ и҆знемого́хъ. На мнѣ̀ пре́идо-
ша гнѣ́ви твои̑, оу҆страше́нїѧ твоѧ̑ возмꙋті-

Тебе молитвата моја, приклони го увото Свое кон молбата моја, Господи, зашто душата моја е полна со јад и животот се приближи до адот. Се изедначив со оние, што слегуваат во гроб, станав како човек без помош - слободен меѓу мртвите; како фрлени и ранети што лежат во гроб, за кои Ти веќе не се сеќаваш; тие се оттурнати од Твојата рака. Ме положија во подземен ров, во мрак и во смртна сенка. Ја истури врз мене Твојата јарост, и со сите Свои бранови ме поразуваш. Ти ги оддалечи од мене моите познати, ме направи одвратен за нив; затворен сум и не можам да излезам. Очите мои ослабеа од сиромаштија; цел ден викам кон Тебе, Господи, ги протегам рацете кон Тебе. Зар на мртовци ќе правиш чуда? Зар сенките ќе се кренат и ќе Те слават? Зар во гроб некој ќе кажува за Твојата милост и за Твојата вистина - во местото на распаѓањето? Зар во темнината ќе ги познаат Твоите чудеса, и во земјата на заборавот - Твојата правда? Но, јас повикав кон Тебе, Господи, и наутро молитвата моја Те испреварува. Зошто, Господи, ја оттурнуваш душата моја и го одвраќаш лицето Свое од мене? Јас сум несреќен и од младини се мачам; се возгордеав, се смирив и изнемоштен сум. Над мене се надви Твојата јарост, Твоите заплашувања наполно ме скршија.

ша мѧ̀. Ѡ҆быдо́ша мѧ̀ ꙗ҆́кѡ вода̀, ве́сь де́нь ѡ҆держа́ша мѧ̀ вкꙋ́пѣ. Оу҆да́лилъ є҆сѝ ѿ менѐ дрꙋ́га и҆ и҆́скреннѧго, и҆ зна́емыхъ мои́хъ ѿ страсте́й.

Гдⷭ҇и Бж҃е спасе́нїѧ моегѡ̀, во дни̑ воззва́хъ, и҆ въ нощи̑ пред̾ тобо́ю.

Да вни́детъ пред̾ тѧ̀ моли́тва моѧ̀, приклонѝ оу҆́хо твоѐ къ моле́нїю моемꙋ̀.

Ѱало́мъ р҃в.

Бла́гослови, дꙋшѐ моѧ̀, Гдⷭ҇а, и҆ всѧ̀ внꙋ́треннѧѧ моѧ̀ и҆́мѧ свѧто́е є҆гѡ̀. Благословѝ, дꙋшѐ моѧ̀, Гдⷭ҇а, и҆ не забыва́й всѣ́хъ воздаѧ́нїй є҆гѡ̀: Ѡ҆чища́ющаго всѧ̀ беззакѡ́нїѧ твоѧ̀, и҆сцѣлѧ́ющаго всѧ̀ недꙋ́ги твоѧ̀: И҆збавлѧ́ющаго ѿ и҆стлѣ́нїѧ живо́тъ тво́й, вѣнча́ющаго тѧ̀ ми́лостїю и҆ щедро́тами, И҆сполнѧ́ющаго во благи́хъ жела́нїе твоѐ: ѡ҆бнови́тсѧ ꙗ҆́кѡ ѻ҆рлѧ̀ ю҆́ность твоѧ̀. Творѧ́й ми́лостыни Гдⷭ҇ь, и҆ сꙋдьбꙋ̀ всѣ̑мъ ѡ҆би́димымъ. Сказа̀ пꙋтѝ своѧ̀ Мѡѷсе́ови, сынѡ́мъ І҆зра́илевымъ хотѣ́нїѧ своѧ̀. Ще́дръ и҆ ми́лостивъ Гдⷭ҇ь, долготерпѣли́въ и҆ многоми́лостивъ. Не до конца̀ прогнѣ́ваетсѧ, ни́же въ вѣ́къ враждꙋ́етъ. Не по беззако́нїемъ на́шымъ сотвори́лъ є҆́сть на́мъ, ни́же по грѣхѡ́мъ на́шимъ возда́лъ є҆́сть на́мъ. Ꙗ҆́кѡ по высотѣ̀ небе́снѣй ѿ земли̑, оу҆тверди́лъ є҆́сть

Секој ден ме опкружуваат како вода: сите заедно ме опседнуваат. Ти го оддалечи од мене ближниот и пријателот; моите познати не се гледаат.

Господи Боже на моето спасение, дење и ноќе Те повикувам Тебе.

Нека влезе пред Твоето лице мојата молитва; наклони го Твоето уво кон мојата молба.

Псалм 102

Благословувај Го, душо моја, Господа, и целата моја внатрешност да Го благословува Неговото име. Благословувај Го, душо моја, Господа и не заборавај ги сите Негови добрини, на Оној, Кој ги очистува сите твои беззаконија, Кој ги исцелува сите твои болести; Кој го избавува од распаѓање твојот живот, Кој те овенчува со милост и со добрини. Кој ја исполнува со блага твојата желба, како на орел ќе се обновува твојата младост. Господ им дава милост и суд на сите онеправдани. Он му ги покажа Своите патишта на Мојсеја, на Израилевите синови - барањата Свои. Штедар и милостив е Господ, долготрпелив и многумилостив. Он не се гневи до крај, ниту вечно се лути, Он не ни направи ништо според нашите беззаконија и не постапи според нашите гревови; зашто, колку е големо растојанието од небото до земјата, толку е голема

Гдⷭ҇ь млⷭ҇ть свою̀ на боѧ́щихсѧ є҆гѡ̀. Є҆ли́кѡ ѿстои́тъ восто́цы ѿ за́падъ, ᲂу҆да́лилъ є҆́сть ѿ на́съ беззако́нїѧ на́ша. Ꙗ҆́коже щедри́тъ ѻ҆те́цъ сы́ны, ᲂу҆щедрѝ Гдⷭ҇ь боѧ́щихсѧ є҆гѡ̀. Ꙗ҆́кѡ то́й позна̀ созда́нїе на́ше, помѧнѹ̀ ꙗ҆́кѡ пе́рсть є҆смы̀. Человѣ́къ, ꙗ҆́кѡ трава̀ днїе є҆гѡ̀, ꙗ҆́кѡ цвѣ́тъ се́льный, та́кѡ ѿцвѣте́тъ: Ꙗ҆́кѡ дѹ́хъ про́йде въ не́мъ, и҆ не бѹ́детъ, и҆ не позна́етъ ктомѹ̀ мѣ́ста своегѡ̀. Млⷭ҇ть же Гдⷭ҇нѧ ѿ вѣ́ка и҆ до вѣ́ка на боѧ́щихсѧ є҆гѡ̀: И҆ пра́вда є҆гѡ̀ на сынѣ́хъ сынѡ́въ, хранѧ́щихъ завѣ́тъ є҆гѡ̀, и҆ по́мнѧщихъ за́пѡвѣди є҆гѡ̀, твори́ти ѧ҆̀. Гдⷭ҇ь на небесѝ ᲂу҆гото́ва престо́лъ сво́й, и҆ ца́рство є҆гѡ̀ всѣ́ми ѡ҆блада́етъ. Блгcлови́те Гдⷭ҇а всѝ а҆́гг҃ли є҆гѡ̀, си́льнїи крѣ́постїю, творѧ́щїи сло́во є҆гѡ̀, ᲂу҆слы́шати гла́съ слове́съ є҆гѡ̀. Блгcлови́те Гдⷭ҇а всѧ̑ си́лы є҆гѡ̀, слѹгѝ є҆гѡ̀ творѧ́щїи во́лю є҆гѡ̀. Блгcлови́те Гдⷭ҇а всѧ̑ дѣла̀ є҆гѡ̀: на вса́комъ мѣ́стѣ влады́чествїѧ є҆гѡ̀: блгcловѝ, дѹшѐ моѧ̀, Гдⷭ҇а.

На вса́комъ мѣ́стѣ влады́чествїѧ є҆гѡ̀, блгcловѝ, дѹшѐ моѧ̀, Гдⷭ҇а.

Ѱало́мъ рмв҃.

Гдⷭ҇и, ᲂу҆слы́ши моли́твѹ мою̀, внѹшѝ моле́нїе моѐ во и҆́стинѣ твое́й, ᲂу҆слы́ши мѧ̀ въ пра́вдѣ твое́й: И҆ не вни́ди въ сѹ́дъ съ рабо́мъ

милоста на Господа спрема оние што се бојат од Него; колку е далеку исток од запад, толку ги оддалечил Он од нас нашите беззаконија; како таткото што ги милува синовите, така и Господ ги милува оние, кои се бојат од Него. Зашто Он го знае нашиот состав, помни дека ние сме земја. Дните на човекот се како трева; како полски цвет, така прецутува тој; ќе дувне ли над него ветар, и веќе го нема, и местото веќе нема да се познава. А милоста на Господа е од век до век спрема оние, кои се бојат од Него, и правдата Негова е од синовите на синовите, кои го чуваат заветот Негов и ги помнат заповедите Негови, за да ги исполнуваат. Господ го поставил Својот престол на небото, и царството Негово владее над сѐ. Благословувајте го Господа - сите ангели Негови, крепки по сила, кои го извршуваат Неговиот збор, слушајќи го гласот од зборот Негов; благословувајте Го Господа - сите Негови војски, Негови служители, кои ја исполнувате волјата негова; благословувајте Го Господа сите Негови дела.

По сите места на Неговото владеење благословувај Го, душо моја, Господа!

Псалм 142

Господи, услиши ја молитвата моја, чуј го молењето мое поради Твојата вистина; услиши ме поради Твојата правда и не стапувај во суд со

твои́мъ, ꙗ҆́кѡ не ѡ҆правди́тсѧ пред̾ тобо́ю всѧ́къ живы́й. Ꙗ҆́кѡ погна̀ вра́гъ ду́шꙋ мою̀, смири́лъ є҆́сть въ зе́млю живо́тъ мо́й: посади́лъ мѧ̀ є҆́сть въ те́мныхъ, ꙗ҆́кѡ ме́ртвыѧ вѣ́ка. И҆ ᲂу҆ны̀ во мнѣ̀ ду́хъ мо́й, во мнѣ̀ смѧте́сѧ се́рдце моѐ. Помѧнꙋ́хъ дні́й дре́внїѧ, поᲂу́чи́хсѧ во всѣ́хъ дѣ́лѣхъ твои́хъ, въ творе́нїихъ рꙋ́кꙋ твое́ю поᲂуча́хсѧ. Воздѣ́хъ къ тебѣ̀ рꙋ́цѣ мои̑, дꙋша̀ моѧ̀, ꙗ҆́кѡ землѧ̀ безво́днаѧ тебѣ̀. Ско́рѡ ᲂу҆слы́ши мѧ̀, Гдⷭ҇и, и҆сче́зе дꙋ́хъ мо́й: не ѿвратѝ лица̀ твоегѡ̀ ѿ менѐ, и҆ ᲂу҆подо́блюсѧ низходѧ́щымъ въ ро́въ. Слы́шанꙋ сотворѝ мнѣ̀ заᲂу́тра ми́лость твою̀, ꙗ҆́кѡ на тѧ̀ ᲂу҆пова́хъ: скажѝ мнѣ̀, Гдⷭ҇и, пꙋ́ть,во́ньже пойдꙋ̀, ꙗ҆́кѡ къ тебѣ̀ взѧ́хъ дꙋ́шꙋ мою̀. И҆зми́ мѧ ѿ вра́гъ мои́хъ, Гдⷭ҇и, къ тебѣ̀ прибѣго́хъ. Наꙋчи́ мѧ твори́ти во́лю твою̀, ꙗ҆́кѡ ты̀ є҆сѝ Бг҃ъ мо́й: Дх҃ъ тво́й бла́гїй наста́витъ мѧ̀ на зе́млю пра́вꙋ. И҆́мене твоегѡ̀ ра́ди, Гдⷭ҇и, живи́ши мѧ̀, пра́вдою твое́ю и҆зведе́ши ѿ печа́ли дꙋ́шꙋ мою̀, И҆ ми́лостїю твое́ю потреби́ши враги̑ моѧ̑, и҆ погꙋби́ши всѧ̑ стꙋжа́ющыѧ дꙋшѝ мое́й, ꙗ҆́кѡ а҆́зъ ра́бъ тво́й є҆́смь.

Оу҆слы́ши мѧ̀, Гдⷭ҇и, въ пра́вдѣ твое́й, и҆ не вни́ди въ сꙋ́дъ съ рабо́мъ твои́мъ.

Оу҆слы́ши мѧ̀, Гдⷭ҇и въ пра́вдѣ твое́й, и҆ не вни́ди въ сꙋ́дъ съ рабо́мъ твои́мъ.

Твојот слуга, зацто пред Тебе нема да се оправда ниту еден од живите. Непријателот ја прогонува душата моја, го понизил животот мој дури до земјата, ме остави во темнина како оние кои се одамна умрени; опадна духот мој во мене, се вознемири во мене срцето мое. Се сетив на дамнешните дни и размислував за сите Твои дела, расудував за делата на Твоите раце. Ги протегнав кон Тебе рацете мои, душата моја е жедна за Тебе како сува земја. Услиши ме поскоро, Господи: духот мој малакса; не одвраќај го лицето Свое од мене, за да не заприлегам на оние, што слегуваат во гроб. Соопшти ми ја утрената милост Твоја, зашто на Тебе се надевам, Господи. Покажи ми го, Господи, патот по кој да одам, зашто кон Тебе ја вознесувам душата моја. Избави ме, Господи, од моите непријатели, зашто при Тебе прибегнав. Научи ме да ја исполнувам волјата Твоја, зашто Ти си мојот Бог. Твојот благ дух нека ме води по прав пат. Заради Твоето име, Господи, ќе ме оживиш; поради Твојата правда - ќе ја избавиш од неволја душата моја. Според милоста Твоја истреби ги непријателите мои и погуби ги сите, кои ја измачуваат душата моја, зашто јас сум слуга Твој.

Услиши ме, Господи по Твојата правда, и не влегувај во суд со Твојот слуга.

Услиши ме, Господи по Твојата правда, и не влегувај во суд со Твојот слуга.

Дх҃ъ твóй блгíй настáвитъ мѧ̀ на зéмлю прáвꙋ.

Слáва, и҆ нн҃ѣ:

А҆ллилꙋ́їа, а҆ллилꙋ́їа, а҆ллилꙋ́їа, слáва Тебѣ̀ Бж҃е. Трижды.

Тáже ектенїѧ̀ великаѧ:

Ми́ромъ Гдⷭ҇ꙋ помóлимсѧ.

На є҆ди́номъ кóемждо прошéнїю ли́къ поéтъ:

Гдⷭ҇и, поми́лꙋй.

Возглашéнїе:

Ꙗ҆́кѡ подобáетъ Тебѣ̀ всѧ́каѧ слáва, чéсть и҆ поклонéнїе, Ѻ҆ц҃ꙋ̀ и҆ Сн҃ꙋ, и҆ свѧтóмꙋ Дх҃ꙋ, нн҃ѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

Твојот благ дух нека ме води во земјата на правдата.

Слава, и сега:

Алилуја, алилуја, алилуја, слава Ти, Боже. (трипати)

Потоа, големата ектенија:

Во мир на Господа, да се помолиме.

На секоја прозба, хорот одговара: Господи, помилуј.

Возглас:

Зашто, Тебе Ти прилега секоја слава, чест и поклонение, на Оца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вечни векови.

Хорот:Амин.

Оу́треня вседне́вная и҆ по́стная

И҆ а҆́бїе пое́тсѧ во гла́съ тропарѧ̀ настоѧ́щагѡ днѐ:

Бг҃ъ Гдⷭ҇ь, и҆ ꙗ҆ви́сѧ на́мъ, благослове́нъ грѧды́й во и҆́мѧ гдⷭ҇не.

Сті́хъ а҃: И҆сповѣ́дайтесѧ Гдⷭ҇еви, ꙗ҆́кѡ бла́гъ, ꙗ҆́кѡ въ вѣ́къ ми́лость є҆гѡ̀.

Сті́хъ в҃: Ѡ҆бы́шедше ѡ҆бы́доша мѧ̀, и҆ и҆́менемъ гдⷭ҇нимъ противлѧ́хсѧ и҆̀мъ.

Сті́хъ г҃: Не оу҆мрꙋ̀, но жи́въ бꙋ́дꙋ, и҆ повѣ́мъ дѣла̀ гдⷭ҇нѧ.

Сті́хъ д҃: Ка́мень, є҆го́же небрего́ша зи́ждꙋщїи, се́й бы́сть во главꙋ̀ оу҆́гла: ѿ Гдⷭ҇а бы́сть се́й, и҆ є҆́сть ди́венъ во ѻ҆чесѣ́хъ на́шихъ.

Та́же глаго́лемъ тропа́рь слꙋчи́вшїйсѧ два́жды, и҆ богоро́диченъ въ то́йже гла́съ. А҆́ще слꙋ́чатсѧ два̀ тропарѧ̀, всегда̀ пе́рвый глаго́летсѧ два́жды, та́же вторы́й и҆ богоро́диченъ.

А҆́ще же є҆́сть А҆ллилꙋ́їа, и҆лѝ вели́каѧ м҃ца, вмѣ́стѡ Бг҃ъ Гдⷭ҇ь, пое́мъ А҆ллилꙋ́їа, три́жды, во гла́съ ѻ҆смогла́сника.

Стїхѝ же глаго́лютсѧ сі҃ѧ:

Сті́хъ а҃: Ѿ но́щи оу҆́тренюетъ дꙋ́хъ мо́й

УТРЕНА СЕКОЈДНЕВНА И ВО ПОСТИ

И веднаш потоа, се пее по гласот на тропарот на денот:

Бог Господ ни се јави, благословен е оној што доаѓа во името Господово.

Стих 1. Фалете Го Господа, зашто е добар, зашто е вечна Неговата милост.

Стих 2. Ме заокружија од сите страни, но со името на Господа ги одвраќав.

Стих 3. Нема да умрам, но ќе живеам за да ги кажувам делата на Господа.

Стих 4. Каменот што ѕидарите го отфрлија, стана аголен камен. Од Господа е ова, и чудесно е во нашите очи.

Потоа ги кажуваме тропарите од празникот што се празнува: двапати, и богородичниот од истиот глас. Ако има два тропари, секогаш првиот се кажува двапати, потоа вториот и богородичниот.

Ако има Алилуја, или е света Четириесетница, наместо Бог Господ, пееме Алилуја, (трипати), по гласот од осмогласникот.

Стихови, пак, се кажуваат овие:

Стих 1. Уште од ноќ, рано се јавува мојот

къ Тебѣ, Бж҃е: занѐ свѣтъ повелѣнїѧ Твоѧ̑ на землѝ.

Стїхъ в҃: Прáвдѣ наꙋчитесѧ, живꙋ́щїи на землѝ.

Стїхъ г҃: Зáвисть прїи́метъ лю́ди ненаказанныѧ.

Стїхъ д҃: Приложѝ и҆̀мъ ѕлà, Гд҃и, приложѝ ѕлà слáвнымъ землѝ.

И҆ по А҆ллилꙋ́їа трóичны глáса, кї́йждо по є҆ди́ножды.

Вѣ́домо бꙋ́ди, кáкѡ глагóлати въ концáхъ во всѣ́хъ пе́рвыхъ трóичнахъ ѻ҆смѝ гласѡ́въ:

Въ понедѣ́льникъ глагóлати си́це:

Предстáтельствы безплóтныхъ Твои́хъ поми́лꙋй нáсъ.

Во втóрникъ:

Моли́твами предтéчи Твоегѡ̀ поми́лꙋй нáсъ.

Въ срéдꙋ:

Си́лою крестà Твоегѡ̀ сохранѝ нáсъ, Гд҃и.

Тáкожде и҆ въ пѧтóкъ.

Въ четвертóкъ:

Моли́твами свѧты́хъ а҆пóстѡлъ Твои́хъ и҆ свѧти́телѧ Нїколáа, поми́лꙋй нáсъ.

И҆ оу҆ прóчихъ двою̀ трóичнѡвъ глагóлати, ꙗ҆́коже въ концáхъ и҆́хъ пи́сано є҆́сть.

дух кон Тебе, Боже, затоа што Твоите повелби се светлина на земјата.

Стих 2. Научете се на правда вие, кои живеете на земјата.

Стих 3. Ревноста ќе го обземе ненаучениот народ.

Стих 4. Испрати им зло, Господи, испрати им зло на славните на земјата.

И по Алилуја, троичните на гласот, секој по еднаш.

Треба да се знае што се пее на крајот на првите троични, на сите осум гласови:

Во понеделник се пее ова:

Со застапништвото на Твоите бестелесни сили, помилуј нѐ.

Во вторник:

По молитвите на Твојот Претходник, помилуј нѐ.

Во среда и во петок.

Со силата на Твојот крст сочувај нѐ, Господи.

Во четврток:

По молитвите на Твоите апостоли и на светителот Николај, помилуј нѐ.

А во другите два троични, да се кажува како што стои на нивниот крај.

Та́же стіхосло́вимъ ѱалти́рь.

Въ повседне́вной ᲂу҆́трени, є҆ктені́й по каѳі́смахъ не быва́ютъ, кромѣ̀ сꙋббѡ́тъ, ст҃ы́хъ съ вели́кимъ славосло́віемъ, предпра́зднества и҆ попра́зднества.

По и҆сполне́ніи же пе́рвагѡ стіхосло́вїѧ, твори́тъ діа́конъ, и҆лѝ і҆ере́й, ма́лꙋю є҆кте́нїю:

Па́ки и҆ па́ки ми́ромъ Гдⷭ҇ꙋ помо́лимсѧ.

Ли́къ: Гдⷭ҇и, поми́лꙋй.

Заствꙋпѝ, спасѝ, поми́лꙋй, и҆ сохранѝ на́съ, Бж҃е, Твое́ю блгода́тїю.

Ли́къ: Гдⷭ҇и, поми́лꙋй.

Прест҃ꙋ́ю, пречⷭ҇тꙋю, преблгⷭ҇ловє́ннꙋю, сла́внꙋю Влⷣчицꙋ на́шꙋ Бцⷣꙋ и҆ приснодв҃ꙋ Мр҃і́ю, со всѣ́ми ст҃ы́ми помѧнꙋ́вше, са́ми себѐ и҆ дрꙋ́гъ дрꙋ́га, и҆ ве́сь живо́тъ на́шъ Хрⷭ҇тꙋ̀ Бг҃ꙋ предади́мъ.

Ли́къ: Тебѣ̀, Гдⷭ҇и.

Возглаше́нїе:

Ꙗ҆́кѡ Твоѧ̀ держа́ва, и҆ Твоѐ є҆́сть ца́рство, и҆ си́ла, и҆ сла́ва, Ѻ҆ц҃а, и҆ Сн҃а, и҆ ст҃а́гѡ Дх҃а, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь. И҆ сѣда́ленъ по чи́нꙋ.

По в҃-мъ стіхосло́віи: Па́ки и҆ па́ки: и҆ про́чаѧ.

Возглаше́нїе:

Потоа се чита Псалтир.

Во секојдневната утрена, по катизмите, ектении нема, освен во сабота, на светители со големо славословие, претпразненство и попразненство.

По исполнување на првото стихословие, ѓаконот или свештеникот изговараат мала ектенија:

Пак и пак со мир да се помолиме на Господа.

Хорот: Господи помилуј.

Заштити, спаси помилуј и запази нѐ, Боже, со Твојата благодат.

Хорот: Господи помилуј.

Пресветата, пречистата, преблагословена, славна Владичица наша Богородица, и секогаш Дева, Марија, спомнувајќи ја со сите светии, нека себе си, еден друг, и сиот свој живот, на Христа Бога да го предадеме.

Хорот: На Тебе, Господи.

Возглас:

Зашто Твоја е власта, и Твое е царството, и силата и славата, на Отецот и Синот, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вечни векови.

Хорот: Амин. И седалниот по ред.

По второто стихословие: Пак и пак... и останатото.

Возглас:

Ꙗ҆́кѡ бла́гъ и҆ человѣколю́бецъ Бг҃ъ є҆сѝ, и҆ Тебѣ̀ сла́вꙋ возсыла́емъ, О҆ц҃ꙋ̀, и҆ Сн҃ꙋ, и҆ свѧто́мꙋ Дх҃ꙋ, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь. И҆ сѣда́ленъ по чи́нꙋ.

Ѿ Па́схи до ѿда́нїѧ, по стїхосло́вїи глаго́лемъ:

Воскресе́нїе Хр҇то́во ви́дѣвше, поклони́мсѧ свѧто́мꙋ Гд҇ꙋ Ї҆и҃сꙋ, є҆ди́номꙋ безгрѣ́шномꙋ. Крест̀ꙋ Твоемꙋ̀ покланѧ́емсѧ, Хр҇тѐ, и҆ свѧто́е воскре́сенїе Твоѐ пое́мъ и҆ сла́вимъ: Ты́ бо є҆сѝ Бг҃ъ на́шъ, ра́звѣ Тебѐ и҆но́гѡ не зна́емъ, и҆́мѧ Твоѐ и҆менꙋ́емъ. Прїиди́те, всѝ вѣ́рнїи, поклони́мсѧ свѧто́мꙋ Хр҇то́вꙋ воскресе́нїю: сѐ бо прїи҆́де кресто́мъ ра́дость всемꙋ̀ мі́рꙋ. Всегда̀ благословѧ́ще Гд҇а, пое́мъ воскресе́нїе є҆гѡ̀: распѧ́тїе бо претерпѣ́въ, сме́ртїю сме́рть разрꙋшѝ.

Посе́мъ, ѱало́мъ н҃:

Поми́лꙋй мѧ̀ Бж҃е, по вели́цѣй ми́лости твое́й, и҆ по мно́жествꙋ щедро́тъ твои́хъ ѡ҆чи́сти беззако́нїе моѐ. Наипа́че ѡ҆мы́й мѧ̀ ѿ беззако́нїѧ моегѡ̀, и҆ ѿ грѣха̀ моегѡ̀ ѡ҆чи́сти мѧ̀. Ꙗ҆́кѡ беззако́нїе моѐ а҆́зъ зна́ю, и҆ грѣ́хъ

Зашто Си благ и човекољубив Бог, и на тебе слава Ти вознесуваме, на Оца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Хорот: Амин. И седалниот по ред.

Од Велигден до оддание, по стихословијата велиме:

Откако го видовме Христовото воскресение, да Му се поклониме на светиот Господ Исус, Единствениот безгрешен. На Твојот крст му се поклонуваме Христе и Твоето свето воскресение го воспеваме и славиме. Зашто Ти си наш Бог и освен Тебе, друг не познаваме, и со Твоето име се именуваме. Дојдете сите верни, да се поклониме на светото Христово воскресение зашто ете, преку крстот дојде радост за целиот свет. Секогаш, благословувајќи Го Господа, да го воспеваме Неговото воскресение зашто Он, откако претрпе распнување, со смрт, ја разурна смртта.

Потоа, псалм 50

Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои. Најнапред измиј ме од моето беззаконие и очисти ме од мојот грев, зашто беззаконието мое го знам и мојот грев е

мо́й предо мно́ю є҆́сть вы́нꙋ. Тебѣ̀ є҆ди́номꙋ согрѣши́хъ, и҆ лꙋка́вое предъ тобо́ю сотвори́хъ: ꙗ҆́кѡ да ѡ҆правди́шисѧ во словесѣ́хъ твои́хъ, и҆ побѣди́ши внегда̀ сꙋди́ти тѝ. Се́ бо въ беззако́нїихъ зача́тъ є҆́смь, и҆ во грѣсѣ́хъ роди́ мѧ ма́ти моѧ̀. Се́ бо и҆́стинꙋ возлюби́лъ є҆сѝ, безвѣ́стнаѧ и҆ та̑йнаѧ премꙋ́дрости твоеѧ̀ ꙗ҆ви́лъ мѝ є҆сѝ. Ѿкропи́ши мѧ̀ ѵ҆ссѡ́помъ, и҆ ѡ҆чи́щꙋсѧ: ѡ҆мы́еши мѧ̀, и҆ па́че снѣ́га ᲂу҆бѣлю́сѧ. Слꙋ́хꙋ моемꙋ̀ да́си ра́дость и҆ весе́лїе: возра́дꙋютсѧ кѡ́сти смире́нныѧ. Ѿврати̂ лицѐ твоѐ ѿ грѣ̑хъ мои́хъ, и҆ всѧ̑ беззакѡ́нїѧ моѧ̑ ѡ҆чи́сти. Се́рдце чи́сто сози́жди во мнѣ̀ Бж҃е, и҆ дꙋ́хъ пра́въ ѡ҆бновѝ во ᲂу҆тро́бѣ мое́й. Не ѿве́ржи менѐ ѿ лица̀ твоегѡ̀, и҆ Дх҃а твоегѡ̀ ст҃а́гѡ не ѿимѝ ѿ менѐ. Возда́ждь мѝ ра́дость спасе́нїѧ твоегѡ̀, и҆ дꙋ́хомъ влады́чнимъ ᲂу҆тверди́ мѧ. Наꙋчꙋ̀ беззакѡ́нныѧ пꙋтє́мъ твои̑мъ, и҆ нечести́вїи къ тебѣ̀ ѡ҆братѧ́тсѧ. И҆зба́ви мѧ̀ ѿ крове́й Бж҃е, Бж҃е спасе́нїѧ моегѡ̀: возра́дꙋетсѧ ѧ҆зы́къ мо́й пра́вдѣ твое́й. Гд҃и, ᲂу҆стнѣ̀ мои̑ ѿве́рзеши, и҆ ᲂу҆ста̀ моѧ̑ возвѣстѧ́тъ хвалꙋ̀ твою̀. Ꙗ҆́кѡ а҆́ще бы̀ восхотѣ́лъ є҆сѝ же́ртвы, да́лъ бы́хъ ᲂу҆́бѡ: всесожже́нїѧ не благоволи́ши. Же́ртва Бг҃ꙋ дꙋ́хъ сокрꙋше́нъ: се́рдце сокрꙋше́нно и҆ смире́нно Бг҃ъ не ᲂу҆ничижи́тъ.

секогаш пред мене. Пред Тебе единствениот згрешив и пред Тебе зло изврших, за да бидеш справедлив кога ќе пресудуваш и да победиш кога ќе судиш. Ете, во беззаконие сум зачнат и во грев ме роди мајката моја. Но, Ти ја засака вистината во срцето, и внатре во мене ми ја објави непознатата и тајната премудрост Твоја. Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист; измиј ме и ќе бидам побел од снег. Дај ми да чујам радост и веселба, и ќе се зарадуваат коските мои ослабнати. Сврти го лицето Свое од гревовите мои и избриши ги сите мои беззаконија. Создај чисто срце во мене, Боже, и дух вистински обнови во мене. Не отфрлувај ме од лицето Свое и Светиот Дух Твој не одземај го од мене. Врати ми ја радоста, спасувајќи ме и со Својот моќен Дух зацврсти ме. Беззакониците ќе ги научам да одат по Твоите патишта, и безбожниците кон Тебе ќе се обрнуваат. Избави ме од крвта, Боже, на моето спасение, и јазикот мој ќе се зарадува на Твојата правда. Господи, отвори ја устата моја и устата моја ќе ја објави пофалата Твоја; оти, да сакаше жртва, јас ќе Ти ја принесев; но сепалениците не ги сакаш. Жртвата пред Бога е смирен дух; срце понизно и смирено Ти, Боже не отфрлуваш. Господи, направи му добро на

Ѹ҆бла́жи, Гдⷭ҇и, благоволе́нїемъ Твои́мъ Сїѡ́на, и҆ да сози́ждꙋтсѧ стѣ̑ны і҆ерꙋсали́мскїѧ. То́гда благоволи́ши жє́ртвꙋ пра́вды, возноше́нїе и҆ всесожига́ємаѧ: тогда̀ возложа́тъ на ѻ҆лта́рь Тво́й тельцы̀.

Та́же, дїа́конъ, и҆лѝ і҆ере́й, глаго́летъ моли́твꙋ сїю̀:

Спаси́, Бж҃е, лю́ди Твоѧ̑, и҆ благослови̇̀ достоѧ́нїе Твоѐ:

Ли́къ: Гдⷭ҇и, поми́лꙋй, в҃і.

Свѧще́нникъ возгла́съ:

Млⷭ҇тїю и҆ щедро́тами, и҆ человѣколю́бїемъ є҆диноро́днагѡ Твоегѡ̀ Сн҃а, съ ни́мже благослове́нъ є҆сѝ, со пресвѧты́мъ и҆ бла́гимъ и҆ животворѧ́щимъ Твои́мъ Дх҃омъ, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

И҆ начина́емъ пѣ́сни и҆ кано́ны.

По г҃-й пѣ́сни твори́тъ і҆ере́й ма́лꙋю є҆ктенї́ю:

Па́ки и҆ па́ки: Застꙋпи́, спаси́: Пресвѧтꙋ́ю, пречи́стꙋю:

Сион, според благоволението Свое, воздигни ги ѕидовите ерусалимски. Тогаш ќе Ти бидат угодни жртвите на правдата, вознесувањата и жртвите сепаленици; тогаш на Твојот олтар ќе принесуваат телци.

Потоа, ѓаконот или свештеникот ја кажуваат оваа молитва:

Спаси ги, Боже, Твоите луѓе, и благослови го наследството Твое...

Хорот: Господи помилуј. (12 пати)

Свештеникот, возглас:

По милоста, добрините и човекољубието на Единородниот Твој Син, со Кого си благословен, со пресветиот, и благиот и животворен Твој Дух, сега и секогаш, и во вечни векови.

Хорот: Амин.

И се почнува Канонот.

По Третата песна, свештеникот кажува мала ектенија:

Пак и пак... Боже, заштити нè, спаси... Спомнувајќи ја, пресветата...

Возглашéніе:

Ꙗ҆́кѡ Ты̀ є҆сѝ Бг҃ъ на́шъ, и҆ Тебѣ̀ сла́ву возсыла́емъ, Ѻ҆ц҃ꙋ̀, и҆ Сн҃ꙋ, и҆ свѧто́му Дх҃ꙋ, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

Та́же сѣда́ленъ.

По ѕ҃-й пѣ́сни єктенїа̀:

Па́ки и҆ па́ки: Засту́пи, спасѝ: Пресвѧту́ю, пречи́стую:

Возгласъ:

Ты́ бо є҆сѝ ца́рь ми́ра, и҆ спа́съ ду́шъ на́шихъ, и҆ Тебѣ̀ сла́ву возсыла́емъ, Ѻ҆ц҃ꙋ̀, и҆ Сн҃ꙋ, и҆ свѧто́му Дх҃ꙋ, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

Конда́къ, и҆ ї҆́косъ.

По ѡ҆кончанїи катава́сїи во́смой пѣ́сни, дїа́конъ и҆лѝ і҆ере́й возглаша́етъ:

Бц҃у и҆ Ма́терь свѣ́та въ пѣ́снехъ возвели́чимъ.

Пѣ́снь девѧ́таѧ.

Пѣ́снь Бц҃ы, ѿ Лукѝ свѧта́гѡ є҆ѵа́гелїа.

Возглас:

Зашто Ти си наш Бог, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Оца, и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вечни векови.

Хорот: Амин.

Потоа, седалниот.

По Шестата песна, ектенијата:

Пак и пак... Боже заштити нè, спаси... Спомнувајќи ја пресветата...

Возглас:

Зашто, Ти си Цар на мирот и Спасител на нашите души, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Оца, и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вечни векови.

Хорот: Амин.

Кондакот и икосот.

По завршувањето на Осмата песна од катавасијата, ѓаконот или свештеникот возгласуваат:

Богородица, и Мајката на светлината, во песни ја величаме.

Девета песна.

Песната на Богородица, од светото Евангелие по Лука.

Вели́читъ душа̀ моѧ̀ Гдⷭ҇а, и҆ возра́довасѧ дх҃ъ мо́й ѡ҆ Бз҃ѣ спⷭ҇ѣ мое́мъ.

Къ коемꙋ́ждо же сті́хꙋ припѣва́емъ: Честнѣ́йшꙋю херꙋві́мъ:

Ꙗ҆́кѡ призрѣ̀ на смире́нїе рабы̀ своеѧ̀, се́ бо ѿ нынѣ̀ оу҆блажа́тъ мѧ̀ всѝ ро́ди.

Ꙗ҆́кѡ сотворѝ мнѣ̀ вели́чїе си́льный, и҆ свѧ́то и҆́мѧ є҆гѡ̀, и҆ ми́лость є҆гѡ̀ въ ро́ды родѡ́въ боѧ́щымсѧ є҆гѡ̀.

Сотворѝ держа́вꙋ мы́шцею свое́ю, расточѝ го́рдыѧ мы́слїю се́рдца и҆́хъ.

Низложѝ си́льныѧ со престѡ́лъ, и҆ вознесѐ смире́нныѧ, а҆́лчꙋщыѧ и҆спо́лни бла́гъ, и҆ богатѧ́щыѧсѧ ѿпꙋстѝ тщы̑.

Воспрїѧ́тъ І҆і҆ра́илѧ ѻ҆́трока своегѡ̀, помѧнꙋ́ти ми́лости, ꙗ҆́коже глаго́ла ко ѻ҆тцє́мъ на́шымъ, А҆враа́мꙋ и҆ сѣ́мени є҆гѡ̀ да́же до вѣ́ка.

По девѧ́той пѣ́сни:

Досто́йно є҆́сть ꙗ҆́кѡ вои́стиннꙋ блажи́ти тѧ̀ Бцⷣꙋ, присноблаже́ннꙋю и҆ пренепоро́чнꙋю и҆ Ма́терь Бг҃а на́шегѡ. Честнѣ́йшꙋю херꙋві̑мъ и҆ сла́внѣйшꙋю без̾ сравне́нїѧ серафі̑мъ, без̾ и҆стлѣ́нїѧ Бг҃а Сло́ва ро́ждшꙋю, сꙋ́щꙋю Бцⷣꙋ тѧ̀ велича́емъ.

А҆́ще предпра́зднество же и҆лѝ попра́зднество, Досто́йно є҆́сть: не поетсѧ, но Хвіе є҆ктенїа.

Мојата душа Го велича Господа и мојот дух се зарадува во Бога, Спасителот мој.

По секој стих, пееме: Почесна од херувимите и неспоредливо преславна од серафимите, нетлено си го родила Бога Словото, тебе, која си Богородица, те величаме.

Оти ја погледна смиреноста на слугинката Своја и, ете, отсега ќе ме ублажуваат сите родови;

Зашто Силниот ми направи големи дела и свето е Неговото име; и милоста Негова е од колено на колено за оние, што се бојат од Него.

Он покажа сила со раката Своја; ги распрсна оние што се гордеат со мислите во срцата свои;

Ги симна силните од престоли и ги воздигна смирените, гладните ги исполни со добра, а богатите ги отпушти празни;

Го прифати Израилот, својот слуга, сеќавајќи се на милоста, како што им зборуваше на татковците наши, на Авраама и на семејството негово довека.

По деветата песна:

Достојно е, навистина, да те ублажуваме Богородице, присноблажена и пренепорочна и Мајка на нашиот Бог. Почесна од херувимите и неспоредливо преславна од серафимите, нетлено си го родила Бога Словото, тебе, која си Богородица, те величаме.

Ако е претпразненство пак, или попразненство, Достојно е... не се пее, но веднаш ектенија.

По д҃ пѣ́сни, ектенїа:

Па́ки и҆ па́ки: Заст8пи̑, спаси̑: Пресвѧ́т8ю, пречи́ст8ю:

Возглашє́нїе:

Ꙗ҆́кѡ Тѧ̀ хва́лѧтъ всѧ̑ си̑лы небє́сныѧ, и҆ Тебѣ̀ сла́в8 возсылаемъ, Ѻ҆ц҃8̀, и҆ С҃н8, и҆ свѧтóм8 Д҃х8, нн҃ѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ.

Ли́къ: А҆ми́нь.

По се́мъ є҆ѯапостїла́рїи пра́здника и҆ли̑ днѐ, по ѹ҆ста́в8, въ сл8чи́вшїйсѧ гла́съ.

А҆́ще же є҆́сть четыредесѧ́тница, глаго́лемъ свѣти́льны по три́жды въ сл8чи́вшїйсѧ гла́съ.

И҆ Хві́е

ХВАЛИТНЫ.

А҆́ще ѹ҆̀бѡ є҆́сть свѧты́й и҆мѣ́ѧй вели́кое славосло́вїе, поє́тсѧ Всѧ́кое дыха́нїе: и҆ про́чаѧ, ꙗ҆́коже ѹ҆каза́сѧ въ ѹ҆́трени воскре́сной.

По Деветата песна, ектенија:

Пак и пак... Боже, заштити нѐ, спаси... Спомнувајќи ја, пресветата...

Возглас:

Зашто Тебе Те фалат сите небесни сили и Тебе слава Ти вознесуваме на Оца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш и во вечни векови.

Хорот: Амин

По ова, следуваат егзапостиларите на празникот или на денот, според типикот, на предвидениот глас.

Ако е света Четириесетница, ги кажуваме светилните, по трипати на гласот што преовладува.

И потоа:

ХВАЛИТНИ

Ако е светител кој има големо славословие, се пее: Сѐ што дише... и останатото, како што е речено во Воскресната утрена.

А҆́ще же и҆ны́й де́нь, си́це:

Пе́рвый ли́къ:

Хвали́те Гдⷭ҇а съ небе́съ.

Припѣ́въ: Тебѣ̀ подоба́етъ пѣ́снь Бг҃ꙋ.

То́йже ли́къ:

Хвали́те Гдⷭ҇а съ небе́съ, хвали́те є҆го̀ въ вы́шнихъ.

Тебѣ̀ подоба́етъ пѣ́снь Бг҃ꙋ.

Вторы́й ли́къ:

Хвали́те є҆го̀ всѝ а҆́нгели є҆гѡ̀, хвали́те є҆го̀ всѧ̑ си́лы є҆гѡ̀.

Тебѣ̀ подоба́етъ пѣ́снь Бг҃ꙋ.

Хвали́те є҆го̀ со́лнце и҆ лꙋна̀, хвали́те є҆го̀ всѧ̑ ѕвѣ̑зды и҆ свѣ́тъ. Хвали́те є҆го̀ небеса̀ небе́съ, и҆ вода̀ ꙗ҆̀же превы́ше небе́съ. Да восхвалѧ́тъ и҆́мѧ гдⷭ҇не: ꙗ҆́кѡ то́й речѐ, и҆ бы́ша: то́й повелѣ̀, и҆ созда́шасѧ. Поста́ви ѧ҆̀ въ вѣ́къ и҆ въ вѣ́къ вѣ́ка: повелѣ́нїе положѝ, и҆ не ми́мѡ и҆де́тъ. Хвали́те Гдⷭ҇а ѿ землѝ, ѕмі̑еве, и҆ всѧ̑ бе́здны: ѻ҆́гнь, гра́дъ, снѣ́гъ, го́лоть, дꙋ́хъ бꙋ́ренъ, творѧ̑щаѧ сло́во є҆гѡ̀: Го́ры и҆ всѝ хо́лми, древа̀ плодонѡ́сна и҆ всѝ ке́дри: Ѕвѣ́рїе и҆ всѝ ско́ти, га́ди и҆ пти̑цы перна̑ты: Ца́рїе зе́мстїи и҆ всѝ лю́дїе, кнѧ̑зи и҆ всѝ сꙋдї́и зе́мстїи: Ю҆́ноши и҆ дѣ̑вы, ста́рцы съ ю҆но́тами да восхвалѧ́тъ и҆́мѧ гдⷭ҇не, ꙗ҆́кѡ воз-

Ако пак, е друг ден, ова:

Првиот хор:

Припев : Фалете Го Господа на небесата.

Тебе, Ти прилега песна, на Бога.

Истиот хор:

Фалете Го Господа на небесата, фалете Го на височините.

Тебе, Ти прилега песна, на Бога.

Вториот хор:

Фалете Го, сите ангели Негови, фалете Го, сите војски Негови.

Тебе, Ти прилега песна, на Бога.

Фалете Го, сонце и месечино, фалете Го сите ѕвезди и светила. Фалете Го, небеса на небесата и водите над небесата. Нека го фалат името на Господа, зашто Он рече и тие се јавија, заповеда - и се создадоа; ги постави за секогаш и за вечни времиња; даде наредби кои нема да се нарушат. Фалете Го Господа од земјата, вие, сите али и бездни; огнот и градот, снегот и мразот, и ти, бурен ветру, кој го исполнуваш словото Негово; гори и сите возвишенија, плодородни дрвја и сите кедри, ѕверови и сиот добиток, влекачи и птици крилати, цареви земни и сите народи, кнезови и сите земни судии, момчиња и девојки, старци со децата - сите нека

несе́сѧ и҆́мѧ тогѡ̀ є҆ди́нагѡ: и҆сповѣ́данїе є҆гѡ̀ на землѝ и҆ на небесѝ. И҆ вознесе́тъ ро́гъ людѐй свои́хъ: пѣ́снь всѣ̑мъ преподѡ́бнымъ є҆гѡ̀, сынѡ́мъ і҆с҃левымъ, лю́демъ приближа́ющымсѧ є҆мꙋ̀.

Ѱало́мъ рмѳ҃.

Воспо́йте гдⷭ҇еви пѣ́снь но́вꙋ, хвале́нїе є҆гѡ̀ въ це́ркви преподо́бныхъ. Да возвесели́тсѧ і҆сра́иль ѡ҆ сотво́ршемъ є҆го̀, и҆ сы́нове сїѡ́ни возра́дꙋютсѧ ѡ҆ царѝ свое́мъ: Да восхва́лѧтъ и҆́мѧ є҆гѡ̀ въ ли́цѣ, въ тѷмпа́нѣ и҆ ѱалти́ри да пою́тъ є҆мꙋ̀. Ꙗ҆́кѡ благоволи́тъ гдⷭ҇ь въ лю́дехъ свои́хъ, и҆ вознесе́тъ кро́ткїѧ во спасе́нїе. Восхва́лѧтсѧ преподо́бнїи во сла́вѣ, и҆ возра́дꙋютсѧ на ло́жахъ свои́хъ. Возноше́нїѧ бж҃їѧ въ горта́ни и҆́хъ, и҆ мечѝ ѻ҆бою́дꙋ ѻ҆́стры въ рꙋка́хъ и҆́хъ: Сотвори́ти ѿмще́нїе во ꙗ҆зы́цѣхъ, ѡ҆бличе́нїѧ въ лю́дехъ: Свѧза́ти царѝ и҆́хъ пꙋ́ты, и҆ сла́вныѧ и҆́хъ рꙋчны́ми ѡ҆ко́вы желѣ́зными.

Ѿ здѣ̀ начина́емъ стїхи̑ры, а҆́ще є҆́сть:

На ѕ҃: Сотвори́ти въ ни́хъ сꙋ́дъ напи́санъ: сла́ва сїѧ̀ бꙋ́детъ всѣ̑мъ преподѡ́бнымъ є҆гѡ̀.

Ѱало́мъ рн҃.

Хвали́те бг҃а во свѧты́хъ є҆гѡ̀, хвали́те є҆го̀ во ᲂу҆тверже́нїи си́лы є҆гѡ̀.

го фалат името на Господа; зашто само Неговото име е возвишено; Него Го фалат на небото и земјата. Он ќе ја подигне силата на Својот народ; Он ги прославува сите Свои светии, синовите Израилови, на народот, кој Му е близок.

Псалм 149

Запејте Му на Господа нова песна; похвала за Него да се чуе во храмот на светиите. Нека се весели Израилот на својот Создател; а синовите на Сион, нека се радуваат на својот Цар. Нека го фалат името Негово во оро, со тимпани и со гусли нека Го слават, зашто Господ го сака Својот народ и ќе ги возвиши кротките, спасувајќи ги. Ќе се развеселат светиите во слава, ќе се зарадуваат врз леглата свои. Славословија за Бога ќе има во устите нивни и двоостер меч - во рацете нивни, за да извршат одмазда над народите, за казна над племињата, да ги врзат во вериги царевите нивни и нивните властелини - со железни окови на рацете.

Одовде ги започнуваме стихирите, ако има:

На 6. Да го извршат над нив напишаниот суд. Тоа ќе биде славата за сите Негови светии.

Псалм 150

Фалете Го Бога во Неговата светиња, фалете Го во цврстината на силата Негова.

На д҃: Хвали́те є҆го̀ на си́лахъ є҆гѡ̀, хвали́те є҆го̀ по мно́жествꙋ вели́чествїѧ є҆гѡ̀.

Хвали́те є҆го̀ во гла́сѣ трꙋ́бнѣмъ, хвали́те є҆го̀ во ѱалти́ри и҆ гꙋ́слехъ.

Хвали́те є҆го̀ въ тv́мпанѣ и҆ ли́цѣ, хвали́те є҆го̀ во стрꙋ́нахъ и҆ ѻ҆рга́нѣ.

Хвали́те є҆го̀ въ кv́мвалѣхъ доброгла́сныхъ, хвали́те є҆го̀ въ кv́мвалѣхъ восклица́нїѧ. Всѧ́кое дыха́нїе да хва́литъ Гд҇а.

А҆́ще стїхи́ръ хвали́тныхъ не бꙋ́детъ, то̀, по Сла́ва, и҆ ны́нѣ, глаго́лемъ си́це:

Тебѣ̀ сла́ва подоба́етъ. Гд҇и Бж҇е на́шъ, и҆ Тебѣ̀ сла́вꙋ возсыла́емъ, Ѻ҆ц҇ꙋ̀, и҆ Сн҇ꙋ, и҆ свѧто́мꙋ Дх҇ꙋ, ны́нѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ, а҆ми́нь.

А҆́ще же поло́жены стїхи̑ры свѧто́мꙋ, и҆лѝ предпра́зднествꙋ, и҆лѝ попра́зднествꙋ, тогда̀ по стїхи́рахъ глаго́летъ:

Сла́ва Тебѣ̀ показа́вшемꙋ на́мъ свѣ́тъ.

Сла́ва въ вы́шнихъ Бг҇ꙋ, и҆ на земли̑ ми́ръ, въ человѣ́цѣхъ благоволе́нїе. Хва́лимъ Тѧ̀, благослови́мъ Тѧ̀, кла́нѧемтисѧ, славосло́вимъ Тѧ̀, благодари́мъ Тѧ̀, вели́кїѧ ра́ди сла́вы Твоеѧ̀. Гд҇и царю̀ небе́сный, Бж҇е Ѻ҆́ч҇е вседержи́телю, Гд҇и Сн҇е є҆диноро́дный, І҆и҃се Хр҇тѐ, и҆ свѧты́й Дш҇е. Гд҇и Бж҇е, а҆́гнче бж҇їй, Сн҇е ѻ҆-

На 4. Фалете Го поради неговите сили, фалете Го поради многуте величија Негови.

Фалете Го со трубен звук, фалете Го со псалтир и гусли;

Фалете Го со тимпани и во оро, фалете Го на струни и со свирка;

Фалете Го со милозвучни кимвали, фалете Го со кимвали громогласни! Сè што дише - нека Го фали Господа!

Ако нема фалбени стихири, тогаш по Слава, и сега... го кажуваме ова:

Тебе слава Ти прилега, Господи Боже наш, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Оца и Сина и светиот Дух, сега и секогаш, и во вечни векови. Амин.

Ако се отпеани стихирите на светителот, или на претпразненството, или на попразненството, тогаш, по стихирите, веднаш:

Слава на Тебе, Кој ни ја покажа светлината.

Слава на Бога во височините и мир на земјата, меѓу луѓето добра волја. Те фалиме, Те благословуваме, Ти се поклонуваме, Те славиме, Ти благодариме поради Твојата голема слава. Господи, Цару небески, Боже, Оче, Седржителу, Господи Сине Единороден, Исусе Христе, и Свети Духу. Господи Боже, Јагне Божјо, Сине на

те́чь, взе́млѧй грѣхѝ мі́ра, поми́луй на́съ: взе́млѧй грѣхѝ мі́ра, прїими̑ моли́тву на́шу. Сѣдѧ́й ѡ̑десну́ю Ѻ҆ц҃а̀, поми́луй на́съ. Ꙗ҆́кѡ Ты̀ є҆сѝ є҆ди́нъ ст҃ъ, Ты̀ є҆сѝ є҆ди́нъ Гд҃ь, Ї҆и҃съ Хрⷭ҇то́съ, во сла́ву Бг҃а Ѻ҆ц҃а̀, а҆ми́нь.

На всѧ́къ де́нь благословлю́ Тѧ̀, и҆ восхвалю̀ и҆́мѧ Твоѐ во вѣ́ки, и҆ въ вѣ́къ вѣ́ка.

Гд҃и, прибѣ́жище бы́лъ є҆сѝ на́мъ въ ро́дъ и҆ ро́дъ. А҆́зъ рѣ́хъ: Гд҃и, поми́луй мѧ̀, и҆сцѣлѝ ду́шу мою̀, ꙗ҆́кѡ согрѣши́хъ Тебѣ̀. Гд҃и, къ Тебѣ̀ прибѣго́хъ, наꙋчѝ мѧ̀ твори́ти во́лю Твою̀, ꙗ҆́кѡ Ты̀ є҆сѝ Бг҃ъ мо́й: ꙗ҆́кѡ ᲂу҆ Тебѐ и҆сто́чникъ живота̀, во свѣ́тѣ Твое́мъ ᲂу҆́зримъ свѣ́тъ: проба́ви ми́лость Твою̀ вѣ́дꙋщымъ Тѧ̀.

Та́же:

Сподо́би, Гд҃и, въ де́нь се́й безъ грѣха̀ сохрани́тисѧ на́мъ. Благослове́нъ є҆сѝ, Гд҃и Бж҃е ѻ҆те́цъ на́шихъ, и҆ хва́льно и҆ просла́влено и҆́мѧ Твоѐ во вѣ́ки, а҆ми́нь.

Бꙋ́ди, Гд҃и, ми́лость Твоѧ̀ на на́съ, ꙗ҆́коже ᲂу҆пова́хомъ на Тѧ̀. Благослове́нъ є҆сѝ, Гд҃и, наꙋчѝ мѧ̀ ѡ҆правда́нїемъ Твои̑мъ. Благослове́нъ є҆сѝ, Влады́ко, вразꙋмѝ мѧ̀ ѡ҆правда́нїемъ Твои̑мъ. Благослове́нъ є҆сѝ, ст҃ы́й, просвѣтѝ мѧ̀ ѡ҆правда́нїи Твои́ми.

Гд҃и, ми́лость Твоѧ̀ во вѣ́къ, дѣ́лъ рꙋ́кꙋ

Отецот кој ги земаш гревовите на светот, помилуј нѐ. Ти Кој ги земаш гревовите на светот, прими ја нашата молитва. Ти Кој седиш од десно на Оца, помилуј нѐ, зашто Ти си Единствен свет, Ти си Единствен Господ, Исус Христос, во слава на Бога Оца. Амин.

Секој ден ќе Те благословувам и ќе Го фалам Твоето име вечно, и во вечни векови.

Господи, Ти си ни бил прибежиште од род во род. Јас реков: Господи, помилуј ме и исцели ја мојата душа, зашто згрешив пред Тебе. Господи, кон Тебе прибегнав, научи ме да ја исполнувам Твојата волја, зашто Ти си мој Бог. Зашто во Тебе е изворот на животот; во Твојата светлина ќе видиме светлина. Продолжи ја Твојата милост кон тие што Те познаваат.

Потоа:

Удостој не, Господи, во овој ден да се сочуваме од грев. Благословен Си, Господи, Боже на нашите оци. И фалено и прославувано е Твоето име во веки. Амин.

Нека биде, Господи, Твојата милост кон нас, како што се надевавме во Тебе. Благословен си, Господи, научи ме на повелбите Твои. Благословен Си, Владико вразуми ме со повелбите Твои. Благословен Си, Свети, просвети ме со повелбите Твои.

Господи, Твојата милост е вечна, делата на

Твое́ю не пре́зри. Тебѣ̀ подоба́етъ хвала̀, Тебѣ̀ подоба́етъ пѣ́ніе, Тебѣ̀ сла́ва подоба́етъ, О҆ц҃ꙋ̀, и҆ Сн҃ꙋ, и҆ свѧто́мꙋ Дх҃ꙋ, нн҃ѣ и҆ при́снѡ, и҆ во вѣ́ки вѣкѡ́въ, а҆ми́нь.

Та́же дїа́конъ, и҆лѝ і҆ере́й:

И҆спо́лнимъ оу҆́треннюю моли́твꙋ на́шꙋ Гдⷭ҇еви.

Ли́къ: Гдⷭ҇и, поми́лꙋй.

Застꙋпѝ, спасѝ, поми́лꙋй и҆ сохранѝ на́съ, Бж҃е, Твое́ю благода́тїю.

Ли́къ: Гдⷭ҇и, поми́лꙋй.

Днѐ всегѡ̀ соверше́нна, ст҃а, ми́рна и҆ безгрѣ́шна, оу҆ Гдⷭ҇а про́симъ.

На є҆ди́номъ ко́емждо проше́нїи ли́къ пое́тъ: Пода́й, Гдⷭ҇и.

Ли́къ: Тебѣ̀, Гдⷭ҇и.

Возглаша́етъ і҆ере́й:

Ꙗ҆́кѡ Бг҃ъ ми́лости и҆ щедро́тъ и҆ человѣколю́бїѧ є҆сѝ,

Ли́къ: А҆ми́нь.

І҆ере́й: Ми́ръ всѣ̑мъ.

Ли́къ: И҆ дꙋ́хови твоемꙋ̀.

Дїа́конъ: Главы̀ на́шѧ Гдⷭ҇еви приклони́мъ.

Ли́къ: Тебѣ̀, Гдⷭ҇и.

Твоите раце не презирај ги. Тебе Ти прилега пофалба, Тебе Ти прилега пеење, Тебе Ти прилега слава - на Оца и Сина и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вечни векови, амин.

Тогаш ѓаконот или свештеникот:

Да ја исполниме нашата утринска молитва пред Господа.

Хорот: Господи, помилуј.

Заштити, спаси, помилуј и запази нѐ, Боже, со Твојата благодат.

Хорот: Господи, помилуј.

Овој ден, совршен, свет, мирен, и безгрешен, го просиме од Господа.

На секоја од прозбите, хорот пее: Подај, Господи.

Хорот: На Тебе, Господи.

Свештеникот возгласува:

Зашто, Ти си Бог на милоста, и добрините и човекољубието…

Хорот: Амин.

Свештеникот: Мир на сите.

Ѓаконот: Вашите глави, приклонете ги пред Господа.

Хорот: На Тебе, Господи.

Возглашáетъ:

Твоé бо є҆́сть, є҆́же ми́ловати и҆ спасáти ны̀, Бж҃е нáшъ,

Ли́къ: А҆ми́нь.

Тáже стїхи̑ры на стїхо́внѣ.

Сті́хъ а҃: И҆спо́лнихомсѧ заѹ҆́тра ми́лости Твоеѧ̀, Гдⷭ҇и, и҆ возрáдовахомсѧ, и҆ возвесели́хомсѧ: во всѧ҄ дни̑ нáшѧ возвесели́хомсѧ, за дни̑ въ нѧ́же смири́лъ ны̀ є҆сѝ, лѣ́та въ нѧ́же ви́дѣхомъ ѕлáѧ. И҆ при́зри на рабы҄ Твоѧ҄, и҆ на дѣлà Твоѧ҄, и҆ настáви сы́ны и҆́хъ.

Сті́хъ в҃: И҆ бѹ́ди свѣ́тлость Гдⷭ҇а Бг҃а нáшегѡ на нáсъ, и҆ дѣлà рѹ́къ нáшихъ и҆спрáви на нáсъ, и҆ дѣ́ло рѹ́къ нáшихъ и҆спрáви.

Слáва, и҆ ны́нѣ, богоро́диченъ.

Тáже:

Бл҃го є҆́сть и҆сповѣ́датисѧ Гдⷭ҇ви, и҆ пѣ́ти и҆́мени Твоемѹ̀, Вы́шнїй, возвѣщáти заѹ҆́тра ми́лость Твою̀, и҆ и҆́стинѹ Твою̀ на всѧ́кѹ но́щь.

Посе́мъ, Трисвѧто́е. Прес҃вѧтáѧ Трⷪ҇це: Ѻ҆ч҃е нáшъ: І҆ерéй: Ꙗ҆́кѡ Твоѐ є҆́сть цáрство: Тропáрь с҃вѧтáгѡ.

Слáва, и҆ ны́нѣ, богоро́диченъ.

И҆ а҆́бїе є҆ктенїà сѹгѹ́баѧ:

Поми́лѹй нáсъ, Бж҃е, по вели́цѣй ми́лости Твое́й, мо́лимтисѧ, ѹ҆слы́ши и҆ поми́лѹй.

На є҆ди́номъ ко́емждо прошéнїи ли́къ поéтъ: Гдⷭ҇и, поми́лѹй, три́жды.

Возгласува:

Зашто Твое е да милуваш и да не спасуваш, Боже наш...

Хорот: Амин.

Потоа, стихири на стиховните:

Стих 1. Се исполнивме изутрина со Твојата милост, Господи, се зарадувавме и се развеселивме во сите наши дни. Се развеселивме за оние дни, кога си не понижил, за годините во кои видовме зло. Па погледни на слугите Твои и делата Твои, и научи ги синовите нивни.

